XVII К.бр.2104/19

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД С,** како првостепен кривичен суд, преку судијата Ленка Давиткова, како судија поединец, со записничар Весна Атеска - судски работник, постапувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО С. КО.бр.3839/18 од 19.11.2019 година, против обвинетиот М.Д. од С., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усна расправа, во присуство на Јавниот обвинител во ОЈО С., Ана Гоговска Јакимовска, обвинетиот М.Д. и неговиот бранител – адвокат Ацо Андонов - Брадов од Струмица, согласно чл.381 од ЗКП, на ден 07.02.2020 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**- ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА –**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**МАРТИН ДИМИТРОВСКИ** со ЕМБГ ..., од татко Б, мајка Љ, роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., сопственик и уравител на „...“, женет, без деца, Македонец, државјанин на РСМ, неосудуван, не се води постапка за други кривични дела.

**В И Н О В Е Н  Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 08.06.2018 година во 14,10 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи мотоцикл „...” со регистерски број ..., по левата сообраќајна лента од десната коловозна лента на ул.„Митрополит Теодосиј Голганов“, во С., во правец од исток кон запад, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност животот на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи, па кога со мопедот дошол пред обележан пешачки премин и обележан премин за велосипедисти, постапил спротивно на чл.19 ст.2 и чл.33 ст.1 од ЗБСП, со тоа што не го запрел возилото пред обележаниот пешачки премин и обележаниот премин за велосипедисти по кој попречно преминувал велосипедис со возење, како и мотоциклот го управувал со брзина на движење од 58,0 км/ч која брзина била поголема од дозволената од 50 км/ч и неприлагодена на конкретната сообраќајна ситуација, со оглед да се приближувал кон обележан пешачки и обележан

премин за велосипедисти, па не можел да го сопре мотоциклот на безбедно растојание, поради што со предниот челен дел од мотоциклот удрил во задното тркало на велосипедот, управуван од сега покојниот Стамат Стаматов, кој како велосипедист се движел на обележана велосипедска патека на ул.„Митрополит Теодосиј Голганов“, во правец од север кон југ, од десно кон лево гледано во насока на движење на мотоциклот, од кој удар и падот на коловозот сега покојниот задобил тешки телесни повреди, изразени во вид на политраума, повреди кои зафаќаат два или повеќе органи или органски системи, субдурален хематом, субрахноидно крварење, контузија на мозок, фрктура париетална, темпорална мултифрагментирана лево, фрактура на клавикула десно, воздух во граден кош десно, фрактура на трансверзален процесус на ниво 10, а како резултат на нагмечувањето на мозочното ткиво дошло до пореметување и престанок на работата на витално важни мозочни центри поради што починал на 17.07.2018 година на ЈЗУ УК за Неврохирургија.

Со горните дејствија обвинетиот М.Д. од С., сторил кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, па согласно цитираните членови, како и членовите 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот на обвинетиот му изрекува алтернативна мерка:

**У С Л О В Н А   О С У Д А**

Така што му утврдува казна затвор во траење од **2 – ДВЕ ГОДИНИ** и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од **5 – ПЕТ ГОДИНИ** по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Согласно чл.102 и чл.105 ст.1 од ЗКП, обвинетиот СЕ ЗАДОЛЖУВА да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен кривичен суд Скопје, депонент НБРСМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 31.590.00 денари, од кои износ од 1.500,00 денари за трошоци за увид, превозни и други трошоци за службени лица, според Трошковник на МВР на РСМ – СВР С. – Одделение за БПС, износ од 9.440,00 денари за изготвено сообраќајно-техничко вештачење СВ EL II – ... од Бирото за судски вештачења и износ од 20.650,00 денари за извршена обдукција од страна на Институт за судска медицина, криминалистика и деонтологија при Медицинскиот факулетет во С. СП.бр.17276/168-18 од 18.07.2018 година, на истата жиро сметка - 100000000063095, уплатна сметка 84судот Скопје**06852 (на местото означено со *** се пополнува бројот на општината на живеење) приходна шифра 724153, програма 00, примач Основен кривичен суд

Скопје, депонент НБРСМ, а се во рок од 15 – петнаесет дена по правосилноста на пресудата, под страв од присилно извршување.

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, законскиот застапник на оштетениот, сега покојниот С С, А.С. СЕ УПАТУВА предјавеното имотно-правно побрување на име надомест на штета, да го остварува на спор во граѓанска постапка.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ОЈО С., до овој суд, поднесе обвинителен предлог КО.бр.3839/18 од 19.11.2019 година, против обвинетиот М.Д. од С., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ.

Постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог, судот на ден 07.02.2020 година, закажа и одржа главна, јавна и усна расправа во присуство на Јавниот обвинител во ОЈО С., Ана Гоговска Јакимовска, обвинетиот М.Д. и неговиот бранител – адвокат Ацо Андонов - Брадов од С.

На главната расправа Јавниот обвинител најнапред ја изнесе содржината на поднесениот обвинителен предлог, против обвинетиот М.Д. од С., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, по што обвинетиот даде изјава за признавање на вина по однос на кривичното дело кое му се става на товар со поднесеното обвинение, изјавувајќи дека се чувствува виновен за истото, бидејќи го сторил на начин, време и место, како што е опишано во поднесеното обвинение, изрази каење и жалење за стореното и додаде дека по незгодата цело време бил на лице место, повикал полиција и брза помош, притрчал да му помогне на повредениот, како и тоа дека и самиот бил повреден од незгодата и се уште има трауми од истата.

Откако судот, согласно одредбата од чл.381 ст.2 од ЗКП, утврди дека признанието на вина на обвинетиот М.Д. е дадено доброволно, дека истиот од никого не е присилен да даде признание на вина и дека е потполно свесен за правните последици од признанието на вина, последиците сврзано за имотно – правното побарување и трошоците на кривичната постапка, согласно чл.381 ст.3 од ЗКП, во рамки на доказната постапка ги изведе само доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција и имотно – правното побарувње, па ја прочита и изврши увид во Потврда со податоци од казнена и кривична евиденција на име на обвинетиот, издадена од овој суд КР-1092/19 од 16.01.2019 година, потоа согласно одредбата од чл.348 ст.4 од ЗКП ја прочита изјавата за

имотно - правното побарување на законскиот застапник на оштетениот, сега покојниот С С, Ана Стаматова Томова, дадена на записник пред ОЈО С. КО.бр.3839/18 од 19.09.2019 година.

Јавниот обвинител во завршен збор, имајќи го во предвид даденото признание од страна на обвинетиот, предложи судот истиот да го огласи за виновен и казни согласно Законот, а при тоа да ги цени околностите дека обвинетиот е неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело, истиот е млад, со само што оформено семејство, во текот на целата постапка неговото однесување е коректно, истиот изразува искрено каење по однос на случениот настан, како и дека со даденото признание овозможи ефикасно и економично завшрување на постапката.

Бранителот на обвинетиот во завршен збор побара судот при одлучувањето за видот и висината на казната да има во предвид дека обвинетиот е млад човек, неосудуван, со примерно поведение, истиот искажува посебно жалење за настанот, се обидел да му помогне на сега покојниот, со тоа што останал до крајот на завршувањето на увидот и покрај тоа што и самиот бил повреден во незгодата и дал се од себе да се надминат последиците од сообраќајната несреќа. Дополни дека за настанувањето на штетната последица особено голем придонес има оштетениот кој не носел заштитен шлем - кацига за време на управувањето на велосипедот, кое нешто е заведено и во наодот и мислењето на вештите лица и која околност судот треба да ја цени како олеснителна при одредувањето на казната. Поради ова, побара судот да изрече алтернативна мерка - условна осуда со која би се постигнала целта на казнувањето, а особено специјалната превенција.

Обвинетиот во завршен збор во целост го прифати завршниот збор на неговиот бранител.

Со оглед на даденото признание, судот прифати за утврдено дека обвинетиот М.Д., на 08.06.2018 година во 14,10 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи мотоцикл „Априлија ...” со регистерски број ..., по левата сообраќајна лента од десната коловозна лента на ул.„Митрополит Теодосиј Голганов“, во С., во правец од исток кон запад, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност животот на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи, па кога со мопедот дошол пред обележан пешачки премин и обележан премин за велосипедисти, постапил спротивно на чл.19 ст.2 и чл.33 ст.1 од ЗБСП, со тоа што не го запрел возилото пред обележаниот пешачки премин и обележаниот премин за велосипедисти по кој попречно преминувал велосипедис со возење, како и мотоциклот го управувал со брзина на движење од 58,0 км/ч која брзина била поголема од дозволената од 50

км/ч и неприлагодена на конкретната сообраќајна ситуација, со оглед да се приближувал кон обележан пешачки и обележан премин за велосипедисти, па не можел да го сопре мотоциклот на безбедно растојание, поради што со предниот челен дел од мотоциклот удрил во задното тркало на велосипедот, управуван од сега покојниот Стамат Стаматов, кој како велосипедист се движел на обележана велосипедска патека на ул.„Митрополит Теодосиј Голганов", во правец од север кон југ, од десно кон лево гледано во насока на движење на мотоциклот, од кој удар и падот на коловозот сега покојниот задобил тешки телесни повреди, изразени во вид на политраума, повреди кои зафаќаат два или повеќе органи или органски системи, субдурален хематом, субрахноидно крварење, контузија на мозок, фрктура париетална, темпорална мултифрагментирана лево, фрактура на клавикула десно, воздух во граден кош десно, фрактура на трансверзален процесус на ниво 10, а како резултат на нагмечувањето на мозочното ткиво дошло до пореметување и престанок на работата на витално важни мозочни центри поради што починал на 17.07.2018 година на ЈЗУ УК за Неврохирургија.

Ваквата фактичка состојба судот ја утврди од целосното признание на вина на обвинетиот М.Д., дадено на главната расправа, кое судот оцени дека е дадено доброволно, свесно за правните последици од истото и кое е во корелација со понудените докази на обвинителството и како такво го прифати.

Околносна дека обвинетиот досега не е осудуван и против него не се води постапка за друго кривично дело се утврди од увидот во потврдата со податоци од казнена и кривична евиденција на име на обвинетиот, издадена од овој суд КР-1092/19 од 16.01.2019 година.

Од изјавата за имотно - правното побарување на законскиот застапник на оштетениот - сега покојниот С С, неговата ќерка А.С., дадена на записник пред ОЈО С. КО.бр.3839/18 од 19.09.2019 година, се утврди дека истата предјавува оштетно побарување, кое ќе го остварува во граѓанска постапка и се приклучува кон кривичниот прогон спрема обвинетиот.

Во конкретниот случај, судот согласно признанието на вина прифати за утврдено дека обвинетиот го сторил кривичното дело кое му се става на товар, во време, место и на начин, како што е опишано во изреката на оваа пресуда, односно дека во превземените дејствија на обвинетиот во целост е содржано законското битие на горе цитираното кривично дело.

Врз основа на погоре изведените докази, кои се однесуваат на одлуката за санкцијата и имотно - правното побарување, судот при определување на видот и одмерување на висината на кривичната

санкција, ги ценеше сите околности од чл.39 од КЗ. Како отежнувачки околности ги зеде предвид видот, карактерот и тежината на кривичното дело, зачестеноста на извршување на овој вид на кривични дела, општествената опасност од извршување на истите, потоа степенот на кривичната одговорност, како и настанатите последици од кривичното дело, односно фактот дека е изгубен човечки живот, а како олеснувачки околности ги ценеше личните, семејните и материјалните прилики на обвинетиот, кој е релативно млада личност, роден  година, истиот е женет, но се уште нема свои деца, потоа неговиот поранешен живот, односно околноста дека досега не е осудуван и против него не се води постапка за друго кривично дело, како и пропустот на покојниот Стамат Стаматов во врска со избегнување на сообраќајната незгода.

Ценејќи ги сите овие околности, како и поведението на обвинетиот односно неговото коректно однесување на главната расправа, а особено признанието на вина на обвинетиот, кое придонесе за ефикасно завршување на кривичната постапка, како и изразеното каење и жалење за стореното кривично дело, судот цени дека во овој момент не е неопходно истиот да го осуди на ефективна казна затвор за ова кривично дело, бидејќи тоа не е нужно заради кривично правна заштита, па затоа му изрече алтернативна мерка – условна осуда, како во изреката на пресудата, сметајќи дека со вака изречената санкација ќе бидат исполнети целите на казнувањето во смисла на генералната и специјалната превенција утврдени во чл.32 од КЗ, како и целта на условната осуда предвидена во чл.48 од КЗ.

Согласно чл.102 и чл.105 ст.1 од ЗКП, судот го задолжи обвинетиот да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 31.590.00 денари, од кои износ од 1.500,00 денари за трошоци за увид, превозни и други трошоци за службени лица, според Трошковник на МВР на РСМ – СВР С. – Одделение за БПС, износ од 9.440,00 денари за изготвено сообраќајно-техничко вештачење СВ EL II – ... од Бирото за судски вештачења и износ од 20.650,00 денари за извршена обдукција од страна на Институт за судска медицина, криминалистика и деонтологија при Медицинскиот факултет во С. СП.бр.17276/168-18 од 18.07.2018 година, а се во рок од 15 - петнаесет дена по правосилноста на пресудата, под страв од присилно извршување.

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, судот го упати законскиот застапник на оштетениот, сега покојниот С С, А.С. предјавеното имотно-правно побрување на име надомест на штета, да го остварува на спор во граѓанска постапка.

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

XVII К.бр.2104/19 од 07.02.2020 година

Записничар Судија
Весна Атеска Ленка Давиткова

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8-осум дена по приемот на истата, преку овој суд до Апелациониот суд С.

ДН:
- на ОЈО С. КО.бр.3839/18
- на обвинетиот М.Д. ул.„...“ бр..., С.
- на бранителот на обвинетиот – адвокат Ацо Андонов - Брадов од Струмица
- на законскиот застапник на оштетениот, сега покојниот С С, А.С., ул.„...“ бр., Б, С.